РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА
ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ДО:**
**ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје**
**Ул. 11 Октомври 9,**
**1000 Скопје**

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI RREGULLATOR PËR ENERGJETIKË DHE SHËRBIME TË UJIT I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 12-2926/4
10-10 2019 год.-viti
Скопје-Shkup

**Предмет: Доставување на Решение за одобрување Модел на договор**

Почитувани,

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, Ви ја доставува следната Одлука, донесена на седницата одржана на ден 10.10.2019 година:

1. **Бр. 12-2926/4 од 10.10.2019 година –** Решение за одобрување на Модел на договор на ЕВН ХОМЕ

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Марко Бислимоски**

Друштво за обезбедување на универзална услуга за снабдување со електрична енергија **ЕВН ХОМЕ** ДОО Скопје

| Примено: | 15-10-2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 356/1 | | |

Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат • 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 / 02 3233-586 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk

Врз основа на член 4 став (2) од Правила за набавка на електрична енергија за универзалниот снабдувач („Службен весник на Република Македонија" бр.172/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 126/19), а постапувајќи по Барањето за одобрување на документи поврзани со набавка на електрична енергија на универзалниот снабдувач со електрична енергија за "ден однапред" бр.12-2926/1 од 2 септември 2019 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 10 октомври 2019 година, донесе

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI PREGULLATOR PËR ENERGJETIKË DHE SHËRBIME TË UJIT I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 12 - 2926/4
10.10 2019 год.-viti
Скопје-Shkup

**РЕШЕНИЕ**
**за одобрување на Модел на договор**

1. Се одобруваат:
   - Рамковен договор за ден однапред за набавка на електрична енергија за потребите на домаќинствата и малите потрошувачи кои ги снабдува Универзалниот снабдувач на организиран пазар за ден однапред, и
   - Индивидуален договор за купопродажба на електрична енергија за ден однапред,

   доставени од страна на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје, Друштво за обезбедување на универзална услуга за снабдување со електрична енергија.
2. Одобрениот Рамковен договор за ден однапред за набавка на електрична енергија за потребите на домаќинствата и малите потрошувачи кои ги снабдува Универзалниот снабдувач на организиран пазар за ден однапред и одобрениот Индивидуален договор за купопродажба на електрична енергија за ден однапред се во прилог на ова Решение.
3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Согласно член 4 став (2) од Правилата за набавка на електрична енергија за универзалниот снабдувач („Службен весник на Република Македонија" бр.172/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 126/19), ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје, Друштво за обезбедување на универзална услуга за снабдување со електрична енергија (во понатамошниот текст: ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје) на 2 септември 2019 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) достави на одобрување Рамковен договор за ден однапред за набавка на електрична енергија за потребите на домаќинствата и малите потрошувачи кои ги снабдува Универзалниот снабдувач на организиран пазар за ден однапред (во понатамошниот текст: Рамковен договор) и Индивидуален договор за купопродажба на електрична енергија за ден однапред (во понатамошниот текст: Индивидуален договор). Со дописот ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје достави и Оглас за прием на понудувачи во квалификациски систем преку веб базирана платформа за склучување на договор за набавка на електрична енергија за ден однапред за потребите на универзалниот снабдувач со електрична енергија (во понатамошниот текст: Оглас).

Во членот 4 став (2) од Правилата за набавка на електрична енергија за универзалниот снабдувач е уредено дека моделот на договор го одобрува Регулаторната комисија за енергетика. Во членот 7 став (1) од Правилата за набавка на електрична енергија за универзалниот снабдувач е уредено дека за набавка на електрична енергија на организиран пазар, универзалниот снабдувач, преку веб базираната платформа, доставува покана за поднесување на понуди до квалификуваните понудувачи кои што ги исполнуваат критериумите за набавка на организираниот пазар на електрична енергија ден однапред и во тековниот ден. Единствен критериум согласно ставот (3) од истиот член за избор на најповолна понуда е надоместок за тргување на бараната количина на енергија на отворениот пазар.

Во член 3 став (8) од Правилата за набавка на електрична енергија за универзалниот снабдувач е наведено дека Универзалниот снабдувач најдоцна 15 дена пред објавувањето, го доставува огласот за квалификациски систем до Регулаторната комисија за енергетика и е должен да постапи по барањата од Регулаторната комисија за енергетика што придонесуваат за зголемување на конкурентноста и транспарентноста на постапката, како и сигурноста во снабдувањето на потрошувачите и исполнувањето на обврската за обезбедување на универзална услуга во снабдувањето со електрична енергија.

Регулаторната комисија за енергетика при анализа на Рамковниот договор, Индивидуалниот договор и Огласот утврди дека Индивидуалниот договор и Огласот не се целосно во согласност со Правилата за набавка на електрична енергија за универзалниот снабдувач и на 23 септември 2019 година до ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје достави Известување бр. 12-2926/2 од 23 септември 2019 година со кое побара ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје да ги усогласи Индивидуалниот договор и Огласот со коментарите на Регулаторната комисија за енергетика наведени во Известувањето.

ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје на 2 октомври 2019 година до Регулаторната комисија за енергетика достави допис бр. 12-2926/3 од 2 октомври 2019 годна со образложение за постапувањето по Известувањето и приложи нов Индивидуален договор и Оглас.

Регулаторната комисија за енергетика на 10 октомври 2019 година одржа седница на која ги разгледа и одобри Рамковниот договор за ден однапред за набавка на електрична енергија за потребите на домаќинствата и малите потрошувачи кои ги снабдува Универзалниот снабдувач на организиран пазар за ден однапред и Индивидуалниот договор за купопродажба на електрична енергија за ден однапред.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**бр. 12-2926/4**

**10 октомври 2019 година**

**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Марко Бислимоски**

Изготвил: Елена Колевска

ПРИЛОГ:

– Рамковен договор за ден однапред за набавка на електрична енергија за потребите на домаќинствата и малите потрошувачи кои ги снабдува Универзалниот снабдувач на организиран пазар за ден однапред бр. 12-2926/1
– Индивидуален договор за купопродажба на електрична енергија за ден однапред бр. 12-2926/3.